Јануари е месец со кој завршува периодот кога пчелиното семејство мирува. Јануари обично е најс



туденият месец во годината со многу ниски температури кои понекогаш можат да се спуштат и до -22 ^{0}C

фотографија ,10/01/2010 Кратово - дневна температура од +17^{0}Ц

Но има години кога јануарските температури се релативно високи невообичаени за тој период од годината и можат да



достигнат до 14 C^0.Токму овие осцилации на температурата се вистински проблем за пчелината заедница. Пчелиното клубе при високите температури се шири а при ниските се собира притоа трошејќи храна и енергија.

фотографија ,04/01/2009 Кратово

Во некои години , во фтората половинана од овој месец поради релативно топлите денови пчелината заедница може да отпочне со легло наоѓајки се во активна состојба што секако најчесто има негативни последици за пчеларската заедница. Доколку екстремно ниските температури во декеври недозволиле да дојде до прочистен излет , пчелите веќе во своето дебело црево имаат натрупано големи количини несварливи материи. Нивниот абдоме е видно зголемен .

Тоа значи дека прочистувачки лет во некој топол јануарски ден би бил вистински ,,спасоносен лет" на кој п



челите би се прочистиле и ослободиле од несварливите материи станувајки полесни и поотпорни на ниските температури. Овие прочистувачки летови доколку внимателно се набљудуваат можат да ни дадат ,,јасна слика" за тоа како зимувала пчелината заедница.

фотографија, 17/01/2009 Кратово

Од 01/01 до 12/01/2009 тмпературите се движеа од -14 до +4 С0 14 и 15/01/2009 дуваше јужен ветер, снегот во целост се стопи а дневните температури достигна над 14 С степени . пчелите излегоа на прочистен лет.

Доколку забележиме масовното иенергично излетување на пчелите без задржување на летата , значи дека пчелината заедница е здрава и добро зимува. Доколку се забележи како од кошницата изнесуваат мртви пчели или парченца восок чистејки ја подницата зборува за прочистувачки излет по кој пчелината заедница вообичаено се припрема да започне со легло.

Јануарското легло според многу теоретичари и практичари е непожелно . Се препорачува отворање на летата и зголемување на вентилацијата со цел да се спречи прераното легло кое најчесто само ја истоштува пчелината заедница. Таа треба да одржува температура од +31 С ^{0} најмалку 30 дена за да успее да го одгледа леглото. Ова легло е непожелно бидејќи Јануари е нестабилен и студент месец а задржувањето на високи температури во подолг период не е можно. Но не само прочистувачкиот лет туку и ослушнувањето на звуците во кошницата може да не упати на тоа како зимува пчелината заедница и дали и треба интервенција од пчеларот за да се избегнат загуби на пчели или цели заедници.

Не ретко почетниците но и сите пчелари сакаме во периодот кога снежната покривка ги покрила сандуците а тоа трае подолго

време да знаеме дали во сандуците пчелите добро зимуваат ,поточно во каква состојба тие се наогаат

Тоа можеме да го утврдиме и по шумот што го произведува пчелиното семејство:

Нема шум- семејството е мртво.

Шум на суви лисја-нема храна

Шум на интензивно зуење-нема доволно воздух

Шум на жално долго зуење заедницата е без матица

Доколку при удар во кошницата се слушне интензивно зуење кое нагло запира- пчелината заедница е во добра состојба



Но и прегледот на отпадоците на подницата може да упати на

пчели иситнети и распарчани -има глушец

пчели со проширен долен дел и непријатна миризба-ноземоза поради скиснат мед

Отпадоци од поклопци со многу кристали-зашекерен мед Фотографија, Преглед на тестната Влошка од подницата! 10/01/2010 Кратово



Фотографија ,А.Т. Тест влошка од подница 29/12/2012 покажува дека пчелиното клубе се наоѓа во предниот дел а медот е во останатиот дел од рамките.Ова е иделно зазимување на пчелиното клубе.Се гледа дека клубето зафака 9 улици сто значи дека е доволно јака за да ја презими зимата и да овозмози брз пролетен развој.

Се случува некои пчелини заедници да ја изгубат врската со медните рамки или пак да остане без мед .Доколку навреме се открие ваков случај пчелините заедници можат да се спасат со прихранување.

Зимското прихранување е едно од најдискутабилните прашања. Сепак повеќето теоретичари и практичари се сложуваат дека зимското прихранување е оправдано само во исклучителни ситуации кога пчелините заедници било од која причина немаат храна. Искуството покажува дека зимското прихранување предвреме ја активира пчелината заедница , што многу негативно се одразува посебно кога зимата е долга и студена и не овозможува почести прочистни излети.

Но доколку веќе прихрануваме, треба да напоменеме дека тоа во најчест случај се шекерно медни погачи кои се додаваат директно врз пчелиното клубе во топол сончев ден , или во специјална просторија во која топлината е околу +8 C^0. Пчелината заедница со мрежа на летото се внесува во просторија и по 20 минути се отвара поклопната штица благо се задимува и врз клубето се става шекерно медното тесто во кое нема никакви други примеси. Додатоци како што се квасец или соја не се препорачуваат во овој период.

Јануари е месец во кој пчеларите траба веќе поинтезивно да се припремаат за активната сезона која е на прагот .Овие припреми ги опфаќаат:

-обезбедување и поправки , стерилизација и дезинфекција на целиот пчеларски прибор.

-Припремање на рамките кои ќе се жичаат напролет.

-Поправка на старите кошници дезинфекција и нивна припрема за бојадисување.

-Анализа на резултатите од минатата година и донесување на план за развој во наредната година , и т.н.

Секако дека и набавката на потребниот шеќер за стимулативно прихранување и набавката на сатни основи нетреба да се оставаат за наредниот месец во кој веќе треба да се отпочне со брзиот пролетен развој.

Незаборавјте да го проконтролирате изграденото саќе во медиштата и обновете ја заштитата од восковиот молец. Протоцерата или сумпорот.

Чувањето на изграденото саќе не е проблем само во јануар. Тоа е прашање кое си го поставуваме целата неактивна сезона.

Едно од решенијата е поделба на саќето на девичанско(саќе во кое матицата никогаш нема лежано) и саќе во кое е ведено легло . Поктоа во спратовите со девичанско саќе се стават лисја од орев прекривајки го секој спрат , над него доага наредниот над кој пак ставаме ореови лисја.Вака наредените 5-6 спрата добро ги покривам со поклопна даска која добро дихтува. Тука молецот не би требало да се појави.

Но саќето во кое се ведени пчели и има мед истата постапка дава многу помали резултати и истите треба да се заштитат со некое средствао против восковиот молец како то е протоцерата ,сумпурот,хлорот и т.н.

Аскоцидинот е средство на база на хлор кое освен што дезинфецира од крчното легло делумно штити и од восковиот молец.

Ексенцијата(концентрирана оцетна киселина) која дезинфицира од евентуално присуство на спори од ноземоза во поголеми количини делумно штити и од восковиот молец.

Нивната апликација е едноставна се стават во пластичен сад и се стават над рамките на корпусите , затварајки се со поклопна штица која треба добро да дихтува.

Секако дека супорисањето со палење на сумпурните ливчиња е постапка која дава добри резултати.

И покрај сето ова саќето треба постојано да се проверува а постапката на заштита да се повторува .

Некои од корпусните кошници не ретко остануваат полупразни или празни за зимуваат со пчелините заедници. Доколку се наогаат под спратовите со пчели и мед овие спратови изложени на многу ниските зимски температури го чуваат саќето од восковиот молец.

Во една прилика истакнавме дека ваквите спратови и кај дадамблат и кај лангстротрутдоколку се под спратовите со пчели служи како добар исолатор од дирикните надворешни влијанија на суровата зимска клима. Јануар е месец во кој добро треба да се припремиме за почеток на активната пчеларска сезона.